# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 09 Јуни 2023 година<br>Скопје<br>Бр.7 Год. XVIII |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за доделување хуманитарна помош за санирање на последиците од невремето во Општина Делчево.......................................... стр. 2
2. Одлука за прифаќање на Иницијативата за измена на Статутот на Општина Ѓорче Петров...стр. 4
3. Статутарна Одлука за измена на Статутот на Општина Ѓорче Петров...............................стр. 6
4. Заклучок за формирање на работна група за проширување на правата на припадниците на безбедносните сили утврдени во Препораките донесени на 29-та седница на Совет на Општина Ѓорче Петров..........................................стр. 8
5. Одлука за прифаќање донација од ДТГМ Импегна Дооел Скопје.................................. стр. 10
6. Одлука за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во ЈОУДГ„Росица“-Ѓорче Петров-Скопје..........................................стр. 12
7. Одлука за одобрување на користење на дел од деловен простор за потребите на Здружението на пензионери „Ѓорче Петров“ – Скопје, Пензионерски клуб Мирче Ацев, без надомест..........................................стр. 14
8. Одлука за утврдување на надоместок за делумно уредување на градежното земјиште на територија на Општина Ѓорче Петров вон границите на ГУП на Град Скопје..............................стр.16


Јуни 2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување хуманитарна помош за настраданото население погодено од поплавата во Општина Делчево**

Се објавува одлуката за доделување хуманитарна помош за настраданото население погодено од поплавата во Општина Делчево, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата седница на советот, одржана на ден 09.06.2023 година.

**Број 09-1212/1**
**од 09.06.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13), Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година број 08-2388/24 од 28.12.2022 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/22), советот на Општина Ѓорче Петров на 30-та седница одржана на ден 09.06.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување хуманитарна помош за санирање на последиците од невремето во Општина Делчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува финансиска солидарна помош за санирање на последиците од невремето во Општина Делчево во износ од 300.000,00 денари, кои ќе се спроведат преку Црвениот крст на РСМ, посебен Фонд за солидарност.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 се издвојуваат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, потпрограма АО, потставка 412110 – постојана резерва, а се уплаќаат на посебна наменска сметка на Црвениот крст на РСМ – Фонд за солидарност, Даночен број: 4030984271620, преку АД Комерцијална Банка - Скопје, сметка 300000001327966.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за финансиски прашања на Општина Ѓорче Петров да ја изврши одлуката.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1143/3**
**од 09.06.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прифаќање на Иницијативата за измена на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за прифаќање на Иницијативата за измена на Статутот на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата седница на советот, одржана на ден 09.06.2023 година.

**Број 09-1212/2**
**од 09.06.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02) и член 102 став 2 од Статутот на Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/13), и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21) и Иницијативата на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за измена на Статутот на општината, Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-та седница одржана на ден 09.06.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на Иницијативата за измена**
**на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се прифаќа Иницијативата поднесена од Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за отпочнување на постапка за измена на Статутот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Се задолжува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, да изготви Предлог - Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на општината, во која треба да се предвиди измена на член 4 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), на начин што зборовите „Ѓорче Петров бр.73“ стануваат „Ѓорче Петров бр.22“.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1143/4**
**од 09.06.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Статутарна Одлука за измена на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Статутарната Одлука за измена на Статутот на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата седница на советот, одржана на ден 09.06.2023 година.

**Број 09-1212/3**
**од 09.06.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1, член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), и член 103 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 3/19 и 5/21) и Иницијативата на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров, Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-та седница одржана на ден 09.06.2023 година, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА
## за измена на Статутот на Општина Ѓорче Петров

**Член 1**

Во Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 3/19 и 5/21), се врши измена на член 4, на начин што зборовите „Ѓорче Петров бр.73" се менуваат и стануваат „Ѓорче Петров бр.22".

**Член 2**

Се задолжува Комисијата за статут и прописи на Советот на Општина Ѓорче Петров да изготви Пречистен текст на Статутот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Статутарна одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1143/5** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 09.06.2023 година** **Претседател,**
**С к о п је** **Ленче Нелоска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за формирање на работна група за проширување на правата на припадниците на безбедносните сили утврдени во Препораките донесени на 29-та седница на Совет на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Заклучокот за формирање на работна група за проширување на правата на припадниците на безбедносните сили утврдени во Препораките донесени на 29-та седница на Совет на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Триесеттата седница на советот, одржана на ден 09.06.2023 година.

**Број 09-1212/4**
**од 09.06.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 30-та седница одржана на ден 09.06.2023 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**за формирање на работна група за проширување на правата на припадниците на безбедносните сили утврдени во Препораките донесени на 29-та седница на Совет на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

По донесување на Препораката до Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Росица“ за остварување на право на ослободување/олеснување на плаќање, за корисници на услуги кои се членови на семејствата на припадниците на безбедносните сили - жители на Општина Ѓорче Петров бр. 08-1059/10 од 07.06.2023 година и Препораката до основните училишта на подрачје на Општина Ѓорче Петров за остварување на право на ослободување/олеснување на плаќање, за корисници на услуги кои се членови на семејствата на припадниците на безбедносните сили - жители на општина Ѓорче Петров бр. 08-1059/11 од 07.06.2023 година и двете донесени на 29-та седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, се одлучи да се формира стручна комисија – работна група за проширување на правата на припадниците на безбедносните сили утврдени во Препораките донесени на 29-та седница на Совет на Општина Ѓорче Петров од редот на вработените во општината и советот на општината.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за нормативно-правни, општи работи, работа со советот и јавни набавки да изготви Решение за формирање на работна група од член 1 на овој Заклучок.

**Член 3**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1143/6**
**од 09.06.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прифаќање донација од ДТГМ Импегна Дооел Скопје**

Се објавува одлуката за прифаќање донација од ДТГМ Импегна Дооел Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата седница на советот, одржана на ден 09.06.2023 година.

**Број 09-1212/5**
**од 09.06.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности „Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) , член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-та седница одржана на ден 09.06.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од ДТГМ Импегна Дооел Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на Општина Ѓорче Петров ја прифаќа донацијата од ДТГМ Импегна Дооел од Скопје за донација на 7 (седум) А3 фотокопирни уреди за потребите на Општина Ѓорче Петров во вкупен износ од 393.750,00 МКД со вклучен ДДВ 5%, кои ќе бидат запишани во книговодствената евиденција на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи Договор за донација со донаторот од член 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1143/7**
**од 09.06.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во ЈОУДГ„Росица“-Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува одлуката за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во ЈОУДГ„Росица“-Ѓорче Петров-Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата седница на советот, одржана на ден 09.06.2023 година.

**Број 09-1212/6**
**од 09.06.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 60 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република С. Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), а согласно Одлуката за давање на согласност за поголем број на деца во групи во ЈОУДГ„Росица“-Ѓорче Петров-Скопје за 2023 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 03/23), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-та седница одржана на ден 09.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во ЈОУДГ„Росица“-Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во ЈОУДГ„Росица“-Ѓорче Петров-Скопје, број 02-160/7 од 08.05.2023 година, донесена на УО на ЈОУДГ „Росица“-Ѓорче Петров - Скопје, на седницата одржана на ден 08.05.2023 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1143/8**
**од 09.06.2023 година**
**С к о п је**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на користење на дел од деловен простор за потребите на Здружението на пензионери „Ѓорче Петров“ – Скопје, Пензионерски клуб Мирче Ацев, без надомест**

Се објавува одлуката за давање согласност на Одлуката за одобрување на користење на дел од деловен простор за потребите на Здружението на пензионери „Ѓорче Петров“ – Скопје, Пензионерски клуб Мирче Ацев, без надомест, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата седница на советот, одржана на ден 09.06.2023 година.

**Број 09-1212/7**
**од 09.06.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски**

Врз основа на член 21 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” број 3/19 и 5/21), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-та седница одржана на ден 09.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на користење на дел од деловен простор за потребите на Здружението на пензионери „Ѓорче Петров“ – Скопје, Пензионерски клуб Мирче Ацев, без надомест**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Ѓорче Петров дава на користење дел од деловен простор со површина од 24м2 (просторија 2), кој се наоѓа на ул. „Ѓорче Петров“ бр. 73 во Скопје, КП 9514/1, број на зграда 3 во вкупна површина од 98м2, намена на зграда В4-8 (органи на локална самоуправа), влез 1, со право на сопственост на Општина Ѓорче Петров, опишано во Имотен лист бр.16695, за потребите на Здружението на пензионери „Ѓорче Петров“ – Скопје, Пензионерски клуб Мирче Ацев, без надомест.

**Член 2**

Временскиот период на кој се одобрува користењето на делот од деловниот простор од член 1 на оваа одлука е 5 (пет) години.

**Член 3**

Деловниот простор од членот 1 на оваа одлука може да се користи за состаноци, разгледување на прашања од локално, непосредно и секојдневно значење за пензионерите и жителите на самото подрачје, како и меѓусебно дружење и активности на пензионерите од наведеното подрачје.

**Член 4**

Здружението е должно деловните простории да ги користи како добар домаќин и стопанственик, согласно нивната намена.

**Член 5**

Се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи договор со здружението, за реализација на оваа одлука.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а се објавува во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1143/9**
**од 09.06.2023 година**
**С к о п је**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на надоместок за делумно уредување на градежното земјиште на територија на Општина Ѓорче Петров вон границите на ГУП на Град Скопје**

Се објавува одлуката за утврдување на надоместок за делумно уредување на градежното земјиште на територија на Општина Ѓорче Петров вон границите на ГУП на Град Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата седница на советот, одржана на ден 09.06.2023 година.

**Број 09-1212/8**
**од 09.06.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски**

Врз основа на Член 20 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), Член 96 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република С. Македонија“ број 275/19), Член 16 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14, 3/19 и 5/21), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-та седница одржана на 09.06.2023 година, донесе:

## О Д Л У К А

### за утврдување на надоместок за делумно уредување на градежното земјиште на територија на Општина Ѓорче Петров вон границите на ГУП на Град Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за делумно уредување на градежното земјиште на територија на Општина Ѓорче Петров вон границите на ГУП на Град Скопје, како и начинот на плаќање на надоместокот.

**Член 2**

Висината и начинот на плаќање се регулира со договор за делумно уредување на градежното земјиште што инвеститорот го склучува со Општина Ѓорче Петров во писмена форма, по регулирање на обврската за плаќање на надоместокот.

**Член 3**

Врз основа на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија“ број 193/16 и 72/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 16/22), трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, а која е збир на нето површините по метар квадратен на подовите на сите простории во објектот, согласно заверениот основен проект и дополнување на основниот проект, помножени со следните коефициенти:

**1. За станбени објекти:**

- станбени простории........................................1,0
- станбени простории со висина до 2,50m, подпокривен простор........................................0,2
- лоѓија затворена од три страни........................................0,4
- подлоѓија затворена од две страни........................................0,3
- балкони, тераси........................................0,2
- заеднички проодни тераси, пасажи........................................0,2
- помошни простории, остава за гориво, котлара, визба........................................0,3
- трафостаница до 35 KW во објектот и надвор од објектот........................................0,3
- скалишен простор и заеднички комуникации........................................0,3
- стражарници, управител, простории за домар........................................0,5
- паркиралишта и гаражи........................................0,1

**2. За деловни и јавни објекти:**

- простории ........ 1,0
- магацини ........ 0,5
- помошни простории, остава за гориво, котлара ........ 0,3
- трафостаница до 35KW во објектот и надвор од објектот ........ 0,4
- скалишен простор и заеднички комуникации ........ 0,5
- паркиралишта и гаражи ........ 0,1
- лоѓија затворена од три страни ........ 0,5
- подлоѓија затворена од две страни ........ 0,4
- балкони, тераси ........ 0,3
- отворен наткриен простор ........ 0,3

**3. За други објекти:**

- катни гаражи ........ 0,05
- спортски покриени објекти ........ 0,5
- спортски откриени објекти ........ 0,3
- гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата ........ 1,0
- отворени пазаришта – за 30% од површината на локацијата ........ 1,0
- базени ........ 0,2
- трафостаници над 35KW ........ 1,0

**4. За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси:**

- Г1 – Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија ........ 0,05
- Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија ........ 0,01
- Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори ........ 0,01
- Г4 – Стоваришта, складови и отпади ........ 0,01

**5. За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, ав-то сервиси, авто салони, помошни простории):**

- продажни простории на бензинските пумпни станици ........ 1,0
- услужни простории на бензинските пумпни станици ........ 1,0

**6. За објектите од група на класи на намени Б5 – Хотели и хотелски комплекси и за објектите од група на класи на намени А4 – Времен престој (хостели, пансиони, згради со апартмани, мотели, викенд куќи, планинарски домови, ловни домови, шумски куќи и истражувачки куќи, спортски кампови, автокампови, детски и младински кампови, традиционални куќи за потребите на туризмот (селски, планински, езерски) и други објекти за времено сместување:**

- сите простории ........ 0,05

**7. За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица:**

- сите простории ........ 0,05

**8. За објекти за високо образование:**

- сите простории ........ 0,5

**9. За објекти за култура:**

- сите простории ........ 0,01

**10. За објекти за терцијална здравствена заштита:**

- сите простории ........ 0,05

**11. За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија)** ........ 0,01

**12. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела** ........ 0,01

**Член 4**

При употребени компатибилни, комплементарни и алтернативни намени во проектите, при пресметката се користат коефициентите наведени во Член 3 за соодветната компатибилна, односно комплементарна, односно алтернативна намена.

**Член 5**

Доколку со изградбата на објекти е предвидено отстранување на постојни објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постојните објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти. Површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постојните објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена на посебен дел од објект, станбен објект или дел од станбен објект во простор за вршење на деловна дејност се наплатува еднократно во висина на евентуалната разлика.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид на простор (административно – деловен, производен и објекти од јавен карактер) во станбен простор не се наплатува.

**Член 6**

Доколку дојде до изменување и дополнување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија“ број 193/16 и 72/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 16/22), трошоците за уредување на градежното земјиште ќе се пресметуваат согласно важечкиот правилник.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува според посебни пресметки за секој објект што ќе се гради, а врз основа на вистинските трошоци за уредување на градежното земјиште, односно според единица површина на објектот.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште се определува во зависност од видот и намената на објектот и неговите посебни делови за кој се плаќа надоместок, се одредува за секој 1 $m^2$ нето корисна површина изразена во денари.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште е утврдена како што следи:

1. **За објекти со намена А1 и А3........1700 ден./$m^2$**
2. **За објекти со намена А2........3600 ден./$m^2$**
3. **За објекти со намена А4........60000 ден./$m^2$**

**4. За објекти со намена Б1, Б2, Б3, Б4 и Б6..........................................................3600 ден./m²**

**5. За објекти со намена Б5.........................................................................................60000 ден./m²**

**6. За објекти со намена В1, В2, В3, В4, В5, В6 и В7................................................600 ден./m²**

**7. За објекти со намена Г1, Г2, Г3, Г4 и Г5...............................................................9000 ден./m²**

**8. За објекти со намена Д3..........................................................................................600 ден./m²**

**9. За објекти со намена Е1, Е2 и Е3 – освен Е1.13 и Е2.1.........................................600 ден./m²**

**10. За објекти со намена Е1.13.....................................................................................6000 ден./m²**

**11. За објекти со намена Е2.1.......................................................................................3600 ден./m²**

**Член 7**

Надоместокот се плаќа еднократно во целост.

Доколку надоместокот го плаќа правно лице и е повисок од 1 000 000,00 денари, може да се плаќа одложено, со тоа што 30% од вредноста се плаќа веднаш, а остатокот од 70% може да се плати на 5 еднакви месечни рати, за што е потребно да се достави банкарска гаранција.

Доколку надоместокот го плаќа физичко лице и истиот е над 1 000 000,00 денари, може да се плаќа одложено, со тоа што 30% од вредноста се плаќа веднаш, а остатокот од 70% може да се плати на 5 еднакви месечни рати, при што договорот од Член 2 на оваа Одлука ќе се солемнизира кај надлежен нотар и истиот задолжително ќе содржи извршна клаузула. Трошоците за нотарска заверка се на терет на инвеститорот.

Средствата собрани од локалниот надоместок се користат за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште.

**Член 8**

Одобрението за градење инвеститорот ќе го добие откако ќе достави потпишан и заверен договор од двете договорни страни.

**Член 9**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на локален надоместок за делумно уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" број 2/16).

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1143/10**
**од 09.06.2023 година**
**С к о п је**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска**